**НАСЛОВНА**

# СОДРЖИНА

КЛИМЕНТОВИОТ ДУХ ВО НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.............. 3
ДЕЛОТО НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ-СВЕТОЛ ПАМЕТНИК НА НАШЕТО ВРЕМЕ.............. 4
НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ НА ОПШТИНСКИ, РЕГИОНАЛНИ, РЕПУБЛИЧКИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ОД ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА.............. 5
НАГРАДЕНИ ЛИТЕРАТУРНИ И ЛИКОВНИ ТВОРБИ ПО ПОВОД КОНКУРСОТ.............. 7
ДОНАЦИЈА НА ЈАПОНСКАТА АМБАСАДА ЗА НОВА ДОГРАМА ВО УЧИЛИШТЕТО.............. 10
ПРВО МЕСТО ЗА ЈОВАНА ТАНЧЕВСКА НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР.............. 11
ПРВАТА НАГРАДА ПО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЧКАТА ИЛИЈАНА НАЈДОВСКА.............. 11
ПРВО МЕСТО ЗА СЦЕНСКАТА ИЗВЕДБА НА ШЕСТООДДЕЛЕНЦИТЕ „ЕКОСПОМЕНИ ЗА ПРОМЕНИ“.............. 12
ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК.............. 13
ПЕТТОДЕЛЕНЦИ ВО ПОСЕТА НА ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА.............. 14
НА ПРОМОЦИЈА НА КНИГА КАЈ СВОЈАТА НАСТАВНИЧКА.............. 15
МЛАДИТЕ ГО МЕНУВААТ СВЕТОТ.............. 16
ЗАЕДНО ГРАДИМЕ СВЕТ БЕЗ НАСИЛСТВО.............. 17
ЦРТЕЖОТ НА ГАЛА ЈОВАНОВСКА ВО КАЛЕНДАРОТ НА ЕЛКОЛЕКТ.............. 20
ПОСЕТА НА БОТАНИЧКА ГРАДИНА И ПЛАНЕТАРИУМ ВО СКОПЈЕ.............. 22
ТРЕТООДДЕЛЕНЦИ ВО ПОСЕТА НА ФАБРИКАТА „КРОМБЕРГ И ШУБЕРТ“.............. 23
ИМПРЕСИИ ОД ИЗЛОЖБАТА „ПОЛСКИТЕ ГРАЃАНИ ЗА ВРЕМЕ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА“.............. 24
ПРИРЕДБА ВО ДОМОТ ЗА СТАРИ ЛИЦА „СЈУ РАЈДЕР“.............. 24
ПРИЕМ НА ПРВАЧИЊАТА ВО ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА.............. 25
ЕКОПРОЕКТ: ВАЛКАНО ИЛИ ЧИСТО, НЕ Е ИСТО!.............. 27
ЦВЕТОВИ ОД ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА.............. 28
УМЕТНИЧКИ ПЕРФОРМАНС „ЅВЕЗДЕНАТА НОЌ НА СОНЧОГЛЕДИТЕ“.............. 28
ПУБЕРТЕТ - ПЕРИОД НА „ЛУДИ ГОДИНИ“.............. 29
СВЕТОТ НИЗ ДЕТСКИТЕ ОЧИ.............. 31
ФИЗИЧКИ АКТИВНОСТИ ЗА НАШЕ ЗДРАВЈЕ.............. 32
СО РЕДОВНА ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ ДО ЗДРАВ ЖИВОТ И ВРВНИ СПОРТСКИ РЕЗУЛТАТИ.............. 34

**Редакција**

Ученици - членови на училишните секции;

Одговорните наставници: Оливера Илиевска, Соња Петровска и Мирјана Стојановска;

Атанас Пеев и Дарко Аврамоски одговорни за компјутерската обработка;

Ученици - членови на информатичката секција: Ева Димовска, Елени Попоска, Марина Ѓероска, Ања Стефановска, Лина Шеровска, Лела Стојановска, Теодора Јовановска, Магдалена Дишковска, Искра Нечаковска, Ана Митревска, Михаела Талевска, Викторија Трајковска, Благоја Трајчевски и Филип Фармаки.

# КЛИМЕНТОВИОТ ДУХ ВО НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

Вложувањето во образованието е најскапата инвестиција, а сепак во него вложуваат и најсиромашните, зашто богатството е во резултатот. Образованието е она што ќе остане кога ќе ги напуштиме училишните клупи. После сè останува наобразбата како сонце што не згаснува како море што не пресушува. Стремежот да се достигне невозможното, желбата да се совлада незнаењето, упорноста да се решаваат проблемите со зборот на добрината, со силата на љубовта биле патоказ уште во времето на светите Кирил и Методиј, реализирани и во нивните ученици, особено во името, дејноста и делата на Св. Климент Охридски.

Силната верба во животот, моќта на словото, желбата да се тргне мракот од очите беа најсилното оружје на нашите учители чиј дух го негуваат и новите генерации. Денес со гордост можеме да кажеме дека и ние сме дел од Климентовите наследници доследни на неговиот аманет постојано да го расејуваме семето на знаењето, а тоа ќе ни врати како триж плодна пченица.

Денес, кога славиме триесет години од отворањето на нашето училиште слободно можеме да кажеме дека вербата нè не напуштила, дека љубовта ни е темелот, а зборот го користиме за да ја допреме сончевината. Создадовме дом во кој секоја учебна година ги отвораме вратите и несебично им подаваме рака на новите Климентови следбеници овозможувајќи им пред сè да се чувствуваат среќно, задоволно, насмеано и во една здрава животна средина да ги шират своите крилја и да итаат кон новите предизвици на современото време. Солидните услови за работа што ни беа овозможени уште на самиот почеток секојдневно се трудиме да ги одржуваме и да ги подобруваме пратејќи го забрзаниот животен од и потребите што модерното образование го бара од нас. Квалитетниот наставен кадар постојано вложува во својот професинален развој, па оттука високите критериуми и цели што ги поставува во наставата што пак се вистински предизвик за учениците. Несомнено тоа се гледа во сите наши постигнати резултати, со кои триесет години го градиме нашиот углед во градот и пошироко, а квалитетот ни е знак за препознавање.

Нашата мисија е благородна, величествена и општоприфатена од сите наши соработници. Во изминативе триесет години нашето име стана препознатливо во образовниот процес на нашата држава, а нашите ученици станаа активни градители на општеството.

Довербата што секојдневно ни ја укажуваат родителите, насмевките на нашите ученици се изворот од каде ја црпиме енергијата. Сигурни во нашите идеи, цврсто газиме на патот кон остварувањето на зацртаните цели, верни на идеалите на нашиот Патрон.

Нека ни е честит јубилејот, триесет години ОУ „Св. Климент Охридски“, а ние продолжуваме да ја пишуваме нашата училишна историја.

Директор,
Гордана Анастасова




Мила Гугучевска VI-1 одд.
(III награда)

# ДЕЛОТО НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ-СВЕТОЛ ПАМЕТНИК НА НАШЕТО ВРЕМЕ

Св. Климент Охридски, првиот словенски епископ со дух напоен од Бога, е најзначајната просветителска фигура во македонската и словенската литература.

Високо образуван, трудољубив безмерно, а над сѐ талентиран писател и поет, Св. Климент Охридски ги постави темелите на средновековната македонска книжевност со врвни дела кои ќе ги користат сите словенски средини. Практичен по дух, со своите бројни поучителни слова слезе во рамништето на полуобразовните или воопшто необразованите сожители, со цел да им го доближи христијанскиот збор. Така, стана татко на сите луѓе, заштитник на немоќните, помагател на сиромашните, светлина за непросветлените. Ја отстрани темнината која не дозволуваше никаков напредок при што се отвори еден пат распослан со златни зраци кои го осветлија светот создавајќи богата писмена култура во која и ние припаѓаме. На теренот на словенската земја се изораа првите ниви и се засадија првите семиња на словенската богослужба и писменост откако пред тоа Св. Кирил ја создаде глаголицата. Создавањето пак на кирилицата, го прави Климент најдобар и најдоследен ученик и воспитаник на солунските браќа. Негувајќи ја таа традиција, да се создаваат духовни наследници, посебно внимание им обрнувал на талентираните и вредните со кои неуморно работел подготвувајќи ги за заменици. Силната врска меѓу Климент и учителот особено ја истакнува Климентовото книжевно дело, а неговата најубава „Похвала“ испеана со искрено чувство ќе стане антологиски пример на слово.

Со својата учителска, проповедничка, педагошка, книжевна и практична дејност, Климент Охридски го трасираше патот на напредокот во секое место каде што стапнала неговата нога, а со темелното изградување на Охридската книжевна школа создал жаришта на просветни, книжевни и културни одблесоци, добро прифатени во многу словенски центри.

Делото на Св. Климент Охридски е светол паметник на едно разнебитено време кое благодарение на човечката нарав знае често да се повторува на овие балкански простори. Затоа ликот Климентов нека биде поттик за сите и млади и стари да се воспитуваат во добрината и љубовта. Колку и да се смеат и да се подбиваат злојазичниците, никогаш не е погрешно да се постапува исправно, во согласност со чистата совест, затоа постојано да нѐ води во животот Климентовата мисла: „безделието учи на секакво зло, ајде да работиме, да бидеме добри луѓе“.

„Од Бога вдахновен органоне, ластавице златоуста, славеј слаткопоен, уму духовен, светило светлозрачно, очи златозрачни, усто благогласна, јазику мелодичен, Клименте светителу, моли се за тие што ти прават светол спомен!“

Дарко Каревски VIII – 4 одд.




Викторија Каревска IV-4 одд.
(II награда)

**ЧЕСТИТ ЈУБИЛЕЈ!**

# НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ НА ОПШТИНСКИ, РЕГИОНАЛНИ, РЕПУБЛИЧКИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ОД ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

**Математика:**

**Јуниорска Математичка Олимпијада:** Матеа Пеева VIII-2 *(пофалница)*

**Државен натпревар:** Матеа Пеева VIII-2, Искра Нечаковска VI-3 *(II награда)*

Дарко Каревски VII-4, Александар Китаноски VII-4, Ања Стефановска VII-2 *(пофалница)*

Регионален натпревар: Искра Нечаковска VI-3, Александар Китаноски VII-4, Ања Стефановска VII-2, Матеа Пеева VIII-2, Ана Марија Нечова VIII, Јована Танчевска IX, (I награда), Марко Димовски VII-5, Михаел Дурловски VII-5, Кристина Кајтез IX-3 (*II награда*), Лина Шеровска VI-3, Ангел Андреевски VI, Владимир Ѓерасимовски VI, Леонид Велјановски VI, Даниел Барабанов VI, Ева Димовска VII-3, Борис Граматковски VII-3, Елени Попоска VII-3, Мартина Силјановска VIII (*III награда*), Антонио Илоски VI, Виктор Колеќески VII-2, Томе Јолевски IX-3 (*пофалница*), Сара Наумовска V (*I награда*)

**Општински натпревари:** Искра Нечаковска VI-3, Лина Шеровска VI-3, Ангел Андреевски VI, Борис Граматковски VII-5, Матеа Пеева VIII-2, Мартина Силјановска VIII, Ана Марија Нечова VIII, Јована Танчевска IX, Томе Јолевски IX-3 (*I награда*), Владимир Ѓерасимовски VI, Ева Димовска VII-3, Александар Китаноски VII-4, Ања Стефановска VII-2, Дарко Каревски VII-4, Кристина Кајтез IX-3 (*II награда*), Антонио Илоски VI, Леонид Велјановски VI, Виктор Колеќески VII-2, Марко Димовски VII-5, Михаел Дурловски VII-5, Филип Илиевски VIII (*III награда*), Владимир Јосифовски VI, Даниел Барабанов VI, Елени Попоска VII-3, Теона Бибовска IX-3 (*пофалница*) Симона Граматковска IV-2 ( *II награда*) Марко Ангеловски V-5, Сара Наумовска V (*III награда*)

**Регионален натпревар на млади техничари и природници:**

**Електроника**: Димитри Ристевски IX, Јована Танчевска IX (*I место*)

**Ракетно моделарство:** Јана Кокиноска IX (*I место*)

**Фото техника:** Наталија Димова VIII-3 (*I место*)

**Автоматика:** Стефан Мишачковски VIII-1 (*III место*)

**Компјутерска техника:** Емре Мифтар IX-1 (*II место)*

**Државен натпревар на млади техничари и природници:** Јована Танчевска IX-(*I место*)

**Регионален натпревар**: „Детски Семафор 2018“, Ивона Димовска V-1 Никола Каревски VIII-3 (*I место*), Ева Апостоловска VI-5 (*II место*)

**Екипно:** (*II место*)

**Регионален натпревар за најдобар бизнис тим:** Исидора Јоновска, Томе Јолевски, Јован Нашоку и Филип Гилевски (*II место*)

**Природни науки:**

Општински натпревари: Елена Тунтевска V-2 (*I награда*), Симона Граматковска IV-2, Иван Митревски IV-2, Филип Томески V-1, Мила Гугучевска V-1 Стефан Стојановски IV-4 (*II награда*), Сара Наумовска V-2, Стефан Гилевски IV-2, Кристијан Корлевски IV 5, Елена Силјановска V-4, Лина Волчевски V-3, Сара Наумовска V-2 Изабела Митревска V-5 (*III награда*), Давор Петковски V-5 (*пофалница*)

**Регионални натпревари:** Сара Наумовска V-2 (*I награда*), Изабела Митревска V-5, Филип Томески V-5, Елена Силјановска V-4 (*III награда*),

**Биологија:**

**Општински натпревари:** Елени Попоска VII-3, Ева Димовска VII-3, Дарко Каревски VII-4, Александар Китаноски VII-4, Милош Гугучевски VII-1, Ѓорѓи Гајтановски VII-1, Михаил Дурловски VII-5, Томе Јолевски IX-3, Ана Трсунова IX-2, Исидора Јоновска IX-3 (*II награда*), Бојан Трајковски IX -4, Ева Јошевска IX-3, Симона Жирова IX-3(III награда)

**Регионални натпревари:** Дарко Каревски VII-4 (*I награда*), Александар КитаноскиVII-4, Михаил Дурловски VII-5, Ѓорѓи Гајтановски VII-1, Симона Жирова IX -3 (*II награда*), Елени ПопоскаVII-3, Ања Стефановска VII-2, Ева Димовска VII-3, Бојан Трајковски IX -4, Томе ЈолевскиIX -3, Ана Трсунова IX -2 (*III награда*)

Државни натпревари: Дарко Каревски VII-4, Александар Китаноски VII-4, Михаил ДурловскиVII-5 (*II награда*), Симона Жирова IX -3 (*III награда*)

**Физика:**

**Општинскиот натпревар:** Матеа Пеева VIII-2, Филип Ровчанин VIII-2, Ана Марија Нечова VIII-3, Мартина Силјановска VIII-3, (*I награда*), Нина Алабаковска VIII-2, Јана Србакоска VIII-5 (*II награда*), Давор Савески VIII-2 (*III награда*)

**Државен натпревар:** Кирил Стефановски, Ана Марија Нечова ,(*III награда*) Матеа Пеева (*пофалница*)

**Хемија:**

**Општинскиот натпревар:** Ана Марија Нечова VIII-3 (*I награда*), Филип Стефановски VIII, Матеа Пеева VIII-2, Мартина Силјановска VIII-3, Томе Јолевски IX-3, Василиј Тасевски IX, Симона Жирова IX *(II награда*), Теодора

Јовчевска VIII, Данило Талевски VIII, Давор Савески VIII, Фиона Илјазова VIII, Сања Наќеска VIII, Јана Србакоска VIII *(III награда*)
**Регионалниот натпревар:** Ана Марија Нечова VIII (*I награда*), Томе Јолевски IX-3 (*II награда*), Мартина Силјановска VIII, Сања Наќеска VIII, Филип Стефановски VIII, Матеа Пеева VIII-2, Давор Савески VIII, Василиј Тасевски IX, Симона Жирова IX-3 (*III награда*)
**Државен натпревар:** Томе Јолевски IX-3 (*II награда*), Матеа Пеева VIII-2, Ана Марија Нечова VIII-3, Филип Стефановски VIII (*III награда*)
**Англиски јазик:**
**Општински натпревар:** Душан Пројчевски VI-5, Ева Димовска VII-3 (*I награда*), Деа Кадри VIII-5 (*II награда*), Искра НечаковскаVI-3, Дамјан Пејковски, Ташковска Ева (*III награда*), Васил Јолевски V-3 *(II награда*)
**Регионален натпревар:** Искра Нечаковска VI-3, Ева Димовска VII-3 (*I награда*), Пејковски Дамјан, Деа Кадри VIII (*II награда*), Душан Пројчевски VI-5 (*III награда*) Васил Јолевски V-3 (*II награда*)
**Државен натпревар:** Ева Димовска VII-3 (*I награда*), Искра Нечаковска VI-3 (*III награда*), Пејковски Дамјан VIII-5, Деа Кадри VIII-5 (*пофалница*)
**Општински натпревари ЕЛТАМ:** Томе Јолевски IX-3 (*I награда*)
**Регионални натпревариЕЛТАМ**: Томе Јолевски IX-3 (*I награда*)
**Државни натпревари ЕЛТАМ:** Томе Јолевски IX-3 (*II награда*)
**Географија:**
**Општински натпревар:** Искра Нечаковска VI-3 (*I награда*); Ива Нечова VI-4 (*II награда*); Филип Ангела VI-3; Викторија Трајковска VI-3 (*пофалница*).
**Регионален натревар:** Искра Нечаковска VI-3 (*II награда*), Ива Нечова VI-4 и Филип Ангела VI-3 (*пофалница*).
**Државен натпревар:** Искра Нечаковска ((*II награда*)
**Ликовно образование:**
**Државен натпревар:** Михаела Лозановска (*I награда)*
**Меѓународен натпревар:** Михаела Лозановска (*I награда)*
**Македонски јазик:**
**Општински натпревар:** Драматизација „Еко спомени за промени“ на „Мал фестивал на драмата“ на екотеми литературна секција -VI (*I награда*), литературен конкурс „Млади поетски перформанси“-НУУБ-Битола Лела Стојановска, VII-3 (*III награда*), литературен конкурс на тема „За Битола“ ОУ „Тодор Ангелевски“, Кристијан Белевски VII-3 (*III награда*)
**Регионален натпревар:** Литературен конкурс „За бабата“, Лела Стојановска, VII-3 (*II награда*) Литературен конкурс; Бојана Мајсторовска и Искра Нечаковскаод VII-3 (*I награда*), „Вознес“ Литературен конкурс- фестивал на детско творештво „Мост меѓу две срца“ Давор Петковски V-5 (*III награда*)
**Физичко и Здравствено Образование:**
**Општински натпревар:**
**Екипни награди**: **кошарка** женски (*2 место*), зонско првенство *(2 место*), Женска екипа 6/7 (*1 место*), зонско првенство (*2 место*), Машка екипа 6/7 (*1 место*), зонско првенство *(2 место*), одбојка, (*3 место*) зонско првенство (*2 место*) зонско првенство (*1 место*),
**Регионално првенство**: (*2 место*)
**Ракомет**: (*2 место*), зонско првенство (*2 место*), Машка екипа (*1 место*), зонско првенство (*2 место*)
**Фудбал:** Женска екипа (*2 место*)
**Футсал:** Женска екипа (*1 место*), зонско првенство (*3 место*)
**Шах:** (*1 место)* екипно женски: (Ана Марија Нечова VIII-3, Фиона Иљазова VIII-3, Мартина СилјановскаVIII-3, Теодора ГлавескаVIII-5, Јована Димитровска VIII-3, Ева Домазетовска VIII-3)
(*2 место*) машки (Марко Димовски VII-5, Димитар Вирловски VII-5, Лука Тренчевски VIII-5, Филип Ровчанин VIII-2 и Михаил Милошевски VII-3)
**Пинг понг:** 2 место женски: (Емилија Ристевска VIII$^5$, Кристина Наумовска VIII$^5$, Теодора Главеска VIII$^5$) 2 место машки: (Марко Димовски VII$^5$, Милош Гугучевски VII$^1$, Андреј Ристевски VIII$^{5+}$ Стефан Димовски VII$^4$)
**Индивидуално:** Емилија Ристевска VIII$^{5,}$ Марко Димовски VII$^5$ (*2 место*)
**Државен натпревар во гимнастика:** Марко Димовски VII$^5$ , Стефанија Талева VII$^1$ (*1 место*)
**Државен натпревар во тенис:** Милош Гугучевски VII$^1$ , Мила ГугучевскаV$^1$ (*3 место*)
**Државен натпревар по пливање:** Михаил Петковски VIII$^4$ слободен стил, Михаил Петковски VIII$^4$ градно (*3 место*)
**Есенски крос:** Христијан Ѓеоргиевски IX-1 (*1 место*), Леа Ѓоргиевска VI-1 , Стефан Трсунов IX-2 (*2 место*), Кристина Наумовска VIII-5 (*3 место* )
**Ноќна трка:** Леа Ѓоргиевска VI-1, Давид Ѓорѓиевски VII-5 , Клементина Неделковска VIII-5, Кристина Наумовска VIII-5 (*1 место*)

# НАГРАДЕНИ ЛИТЕРАТУРНИ И ЛИКОВНИ ТВОРБИ ПО ПОВОД КОНКУРСОТ

**Климентов дух**

Се родил во Охрид
учителот наш,
ја напишал азбуката,
за сите нашол спас.

Го учел народот
намачен и беден,
неуморно работел
и секогаш бил вреден.

Писменоста ја ширел
како светилник во ноќ,
нè просветлил, нè учел
за тоа имал моќ.

Денес учителу,
Те славиме ние,
а кога ќе се спомене
твоето име, сечие срце
посилно бие.

**I награда**
*Мелани Пурдевска V-2 одд.*
*Ментор: Пандора А. Запаренко*

**Климент Охридски**

Климент Охридски е учител наш,
за неговите дела пишувам јас.

По стапките на Кирил и Методиј одел,
кирилицата внимателно ја вовел.

Благодарни ќе бидеме вечно,
за него ќе зборуваме течно.

Секогаш кога ќе земеме молив в рака,
срцето затреперува без мака.

Кога 8 Декември се наближува,
споменот за него се раздвижува.

Децата за него се молат,
разни дела вредно творат.

**II награда**
*Меланија Паневска III - б одд.*
*Ментор: Мери Наумовска*
*ОУ „Елпида Караманди“-Битола*

**Климент во нашите срца**

Ти благодарам, Клименте,
за работата тешка
за денес да се разбираме
без мака, без грешка.

Делиме мисли,
чувства и сказни,
буквите твои
за нас се важни.

Ти ученик беше
на славните браќа,
ние ученици твои.

Од љубов и среќа
срцето ни блика,
ја славиме ние
твојата лика.

**III награда**
*Ева Неделковска V-3 одд.*
*Ментор: Жанета Лутовска*

**Климентовиот дух во новите генерации**

Кога застануват пред тебе,
како да треперам,
како да барам стар лик
низ новите ликови
во училиштево наше!

За миг си замислувам:
Како беше тогаш,
како е денес, сега?!
Пред оваа твоја биста
пред твојот дух,
кој трепери во срцата наши.

Ние сме дел од тебе,
ние сме твоите ќерки и синови,
а ти, Клименте,
ни го покажуваш патот
кон подобар свет,
кон посветла иднина,
за ние, новите генерации,
да трепериме над новата
слобода!!!

**Пофалница**
*Леонид Ѓоргиев III-3 одд.*
*Ментор: Даниела Петковска*

**Климентовиот ѓердан од гласови**

Во ноќите со студен шепот,
во горите со маглив трепет,
низ перото сјајот се вивна,
копнежот со ѕвездите стивна.

Словото во тишината се роди,
Како жуборот во бистрите реки,
Светлоста далеку од мракот нè води ,
Како птица бела над немите смреки.

Во зборови вечноста се сплети,
со ѓердан од гласови стои,
допреа до нас стиховите свети,
во песните од радосни бои.

Денот се буди, со желба јасна,
најсветол патрон нема да згасне,
учителска љубов довикува гласно,
мелодија вишнее, во срцето расте.

Стојам цврсто и со восхит силен,
небесните воздишки позлатиле стени,
Климентовиот дух чува поглед мирен,
од сиви длабочини се изгуби немир.
**I награда**
*Бојана Мајсторовска VII-3 одд.*
*Ментор: Соња Петровска*




*Антонија Гајтановска IV-2 одд.*
*I награда*




*Руби Михаилов V-2 одд.*
*III награда*
*ОУ „Тодор Ангелевски“*

**Климентовиот дух во новите генерации**

Го разгони мракот на гревот.
Го расчисти гневот!
Твоите пресвети усни
ја искажаа духовната сладост.
Во неутешните души се роди радост!

Твоите зборови свети,
го обиколија сиот словенски свет
и го нахранија со духовен мед.
Протече река на духовно спасение,
На многубожното платно, му најде решение.

Нè обогати со Христијанска вера,
нè просветли во секоја сфера!
Блажено е Твоето величествено дело,
нè спаси од сечовековото злодело!

Будењето од неписменоста
Го круниса со плод-со Охридска школа!
Блажен да е градот кој го просветли,
Многу гладни души за наука нахрани!

Вечна радост се Твоите Дела,
да не останат при нас копија бледа!
Да го чуваме Заветот Твој,
Зашто без него сме дрво без корен свој!
**II награда**
*Марија Илковска VII-б одд.*
*Ментор: Магдалена Сајкова*
*ОУ „Стив Наумов“-Битола*




*Ѓорѓи Гајтановски VIII-1 одд.*
*I награда*

**Климентовиот дух во новите генерации**

Клименте, учителу вреден,
го поучуваше нашиот народ
да не остане беден.

Гласно и неуморно
помагаше, предаваше
и од тебе вруток
на знаењето бликаше.

Ти белобрад просветителу
со фенер в рака,
ни даде ука
за нашата наука.

Денес, кога за нас си тука,
гордо чекориме
по твојата судбинска наука,
таа длабоко навлегла
во нашите корени драги.

Како сонце што нѐ грее,
како пламен што секогаш тлее,
ќе те чуваме засекогаш во нас.
Ти, Клименту, си наш деец
и чудотворец си милен,
а во вербата божја си силен!
**III награда**
*Викторија Наловска  VIII-3 одд*
*Ментор: Андриана Ѓоргиев*
*ОУ „Тодор Ангелевски“-Битола*

**НашиотКлимент**

Свети Климент Охридски,
патронот на нашето училиште,
Нашиот словенски учител,
нашиот просветител.

Со зборови
ги упати народите,
во слога и вера,
со дела ги издигна
кон животната стега.

Ни ја осветли
темнината со знаење,
ни покажа
како да чекориме по патот на тајните.

Ти си татко
на нашата писменост,
на нашето писмо,
Ти си светлост искрена
во нашите детски срца.
**Пофалница**
*Симона Макриевска VI-1 одд.*
*Ментор: Мирјана Стојановска*




*Николина Шапарданова VII-5 одд.*
*II награда*

**Климентовиот дух во идните генерации**

Повеќе од единаесет века
Климентовото име зрачи,
а градот Охрид сѐ уште
за него плачи.

Тој направил прекрасно дело,
а во Охрид,
на Плаошник почива
неговото свето тело.

Неговото дело
ќе се памети вечно,
кирилското писмо
да се чита течно.

Сите ние генерации идни,
со бел лист и перо,
треба да сме горди
на Климентовото дело.

Буква по буква, секој нов час,
почнавме да твориме наглас.

Еве јас, гордо, исправено
стојам пред вас ,
и ви се поклонувам во истиот час.
Климентовиот дух
јас ќе го следам,
и неуморно песни ќе редам.
**Пофалница**
*Автор: Благојче Ристески VI- одд.*
*Ментор: Наташа Лозановска*
*ОУ„Коле Канински“-Битола*

# ДОНАЦИЈА НА ЈАПОНСКАТА АМБАСАДА ЗА НОВА ДОГРАМА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во март 2018година беше потпишан договор за соработка на нашето училиште со претставникот на јапонската амбасада во Скопје, амбасадорката Кеико Ханеида.

Со „Проект за подобрување на училишната средина“ беа обезбедени средства во висина од околу 60 000 евра, со кои во летниот период, се изврши замена на дрвената дограма со ПВЦ и со тоа се подобрија условите за реализирање на наставата, а постигната е и голема енергетска заштеда.

Соработката со јапонската амбасада се заокружи во мај со посета на амбасадорката Кеико Ханеида во нашето училиште. Со изведбана јапонски танц, учениците од нашето училиште ѝ се заблагодарија на јапонската амбасадорка за тоа што ги отвори вратите за нашето училиште.

„Ги потпишуваме овие договори со годинашните партнери за да го покажеме ангажманот на Јапонија за интензивирање на билатералните односи со Македонија. Ние, Јапонците како пријатели на граѓаните на Македонија сме многу радосни за секој човек, кој ќе има придобивка од овие проекти“, изјави Кеико Ханеида.







## ПРВО МЕСТО ЗА ЈОВАНА ТАНЧЕВСКА НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР

На Регионален натпревар на младите техничари и природници, ученичката Јована Танчевска го освои првото место. Со тоа обезбеди учество на Државниот натпревар за Применета математика, каде повторно ја освои првата награда во силна конкуренција на натпреварот.

Математиката е дисциплина која нè формира како личности, нè учи на упорност, истрајност, ни ја развива логиката и ни создава мотивација за решавање на секој проблем. Математиката остава неизбришливи траги врз секој дел од модерната наука (од медицинската технологија до економското планирање, од генетиката до астрономија). Затоа, математиката е моќен начин за истражување и разбирање на светот.

Применета математика е гранка од математиката која се занимава со математички методи кои наоѓаат примена во науката, инженерството, бизнисот, информатиката и индустријата. Така Применета математика е комбинација од математичка наука и знаења од специфични области. Предлог да се учествува во областа Применета математика на 56 Регионален натпревар на младите техничари и природници даде наставничката по Математика, Лидија Шунда Шокларовска. Ученичката Јована Танчевска го прифати предизвикот да се натпреварува во оваа област на тема **: Примена на математиката во изработка на кабелски сноп во фабриката „КРОМБЕРГ И ШУБЕРТ“.**





Покрај успехот кој беше постигнат во областа на Применета математика уште побитна е пораката којашто беше испратена: Новите технологии го менуваат начинот на кој живееме и тие се нашата иднина. Тоа се технологии и науки кои директно се темелат на математика, како ИТ индустријата, електрониката, машинството, роботиката... Сѐ побрзиот нивен развој и поголемата зависност на човештвото од нив, прави математиката да биде сè позастапена, станувајќи сè поважен фактор во многу индустрии!

## ПРВАТА НАГРАДА ПО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЧКАТА ИЛИЈАНА НАЈДОВСКА

На Државниот натпревар по Италијански јазик за ученици од основно и средно образование што се одржа во ноември во просториите на Катедрата за италијански јазик при Филолошкиот Факултет во Скопје, ученичката Илијана Најдовска од шесто одделение го освои првото место и доби пригодни подароци, книги на македонски и на италијански јазик.

На овој натпревар од нашето училиште учествуваше и ученикот Давор Петковски, како и ученици од ОУ„Елпида Караманди“, сите под под менторство на наставничката Маја Милевска-Кулевска и постигнаа забележителни резултати.

По завршувањето на натпреварувачкиот дел следеше програма со драмско музичка програма на италијански јазик. Беа изведени повеќе познати италијански песни како и еден од најголемите хитови „Grande amore“.

Импресиите од самиот настан и позитивната енергија се мотив повеќе за поголема заложба при изучувањето на Италијанскиот јазик.






Илијана Најдовска и Давор Петковски VI-5 одд.

## ПРВО МЕСТО ЗА СЦЕНСКАТА ИЗВЕДБА НА ШЕСТООДДЕЛЕНЦИТЕ „ЕКОСПОМЕНИ ЗА ПРОМЕНИ“

По повод одбележувањето на Месецот на екологијата, во организација на екотимот при ОУ„Св. Климент Охридски“ од Битола, во Народниот театар во Битола се одржа првиот „Мал драмски екофестивал“ на кој учениците од битолските основни училишта изведоа драмски изведби на тема „Екожелби“.

Жири комисијата која ја сочинуваа актерите Ирина Чоревска, Петар Спировски и Никола Пројчевски имаше тешка задача да ги избере наградените од единаесетте изведени претстави и една монодрама.

Фестивалот го поддржаа општина Битола, ЈП Комуналец, и танцовата група „Експоуз“, а на првото фестивалско издание присуствуваше  и градоначалничката на општина Битола, м-р Наташа Петровска.

Првото место на драмскиот екофестивал го освоија шестоодделенците од литературната секција при ОУ „Св. Климент Охридски“ со претставата „Екоспомени за промени“. Учениците, на славните „штици што живот значат“, на оригинален и креативен начин, почитувајќи ја македонската фолклорна традиција, ги оживеаја екоспомените за едно поинакво минато време и гласно порачаа: „Сакаме промени!“

Според позитивните реакции на сите учесници, публиката и локалната средина, пофалбите и поддршката да се продолжи понатаму, несомнено  овој мал драмски фестивал ќе прерасне во традиционален, на општо задоволство на сите.





# ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21 Февруари кој од 2000 година е промовиран и како Ден на лингвистиката, културната разновидност и мултилингвизам беше одбележан и во нашето училиште.

„Најубаво се твори, говори и слуша на мајчиниот јазик!“ беше воведна порака, со која започна одбележувањето на Денот на мајчиниот јазик. Убавината и звучноста на нашиот јазик создадоа една пријатна атмосфера во која публиката беше воодушевена од учениковите изразувања зад кои стои работата и креативноста на наставниците по Македонски јазик. Детскиот талент пред присутните го долови секојдневието на едно семејство соочено со предизвиците и ризиците на модерното време. Во оваа насока беше одигран и театарскиот перформанс на Драмското студио „АРТ и Медиа“ со наслов „Збунета генерација“ по текст на Елена Наумовска и Весна Божиловиќ. Текстот, всушност е адаптација на детски роман од српската писателка Јасмина Петровиќ.

Рециталот „Ако“ во изведба на Теодора Јовчевска, ученичка во осмо одделение уште еднаш ја покажа силата на зборовите и предизвика силен аплауз кај присутните: „Ако можеш да останеш присебен кога сите околу тебе ја губат главата, ако можеш да веруваш во себе, ако можеш да чекаш и да не ти досади чекањето тогаш ќе излезеш од збунетоста, а убавата мисла и зборот ќе ти станат водилка кон иднината. Ќе ги допреш височините и светлината, со убавиот збор ќе ја допреш сончевината.“

Програмата беше затворена со зборовите на Крсте Петков Мисирков: „Милоста кон народниот јазик јет наш долг и право. Ние сме должни да го милуаме нашиот јазик зашто тој јет наш, исто така како што ни јет наша татковината ни“.

Елени Поповска и Ева Димовска VIII-3 одд.









# ПЕТТОДЕЛЕНЦИ ВО ПОСЕТА НА ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА

По повод месецот на книгата, учениците од петто одделение ја посетија НУУБ „Св. Климент Охридски“ во Битола. Љубезно пречекани од вработените во библиотеката, учениците ја запознаа институцијата и проследија предавање за начинот на користење на библиотеката. Потоа им  ги покажаа одделите и следуваше објаснување за секој оддел посебно. Најпрво го посетија новиот дел од библиотеката, а потоа и стариот дел кои се поврзани, како и Одделот за деца, а потоа и за возрасни. Учениците се запознаа и со Роднокрајскиот оддел и ги видоа своерачните ракописи на некои писателите. Исто така, ги видоа и првите машини за печатење.  Возбудени од сето тоа, поставуваа бројни прашања и добиваа соодветни одговори. Некои од учениците кажаа дека лично ја користат библиотеката, а кај другите ученици се јави желба и тие да почнат да изнајмуваат книги од библиотеката.








# НА ПРОМОЦИЈА НА КНИГА КАЈ СВОЈАТА НАСТАВНИЧКА

Учениците од шесто одделение присуствуваа на промоција на книгата „Утро во Франкфурт“ од Мирјана Стојановска што се одржа во Градската библиотека по повод 4 Ноември, Денот на слободна Битола. Раказите од оваа книга сценски ги изведоа актерките Ана Жежовска и Симеона Павловска од Алтернативниот театар, а музичкиот дел го реализира солистот, наставникот Драган Микаровски.

Книгата „Утро во Франкфурт“ содржи 45 кратки раскази со патеписна содржина кои претставуваат целина на инспиративни доживувања на авторката од нејзиниот престој во Франкфурт за време на Меѓународниот саем на книгата.

Инаку, Мирјана Стојановска, е автор на 9 книги и приредувач на 5 Зборници. Како наставничка во нашето училиште, таа ги стимулира учениците за креативно пишување, а нивни песни објави во два Зборници: „Битола во стиховите на младите автори“ и „Мојата татковина, мој дом“. Ученичката Ана Јошевска ја доби првата награда за песна која беше објавена на корицата на Зборникот „Битола во стиховите на младите автори“. А пак ученичката Мартина Костовска од деветто одделение во март ја имаше промоцијата на дебитанската книга „Вечен пат“ што ја објави со поддршка на наставничката Стојановска.

Јована Симоновска и Сара Спировска VI-1 одд.





# МЛАДИТЕ ГО МЕНУВААТ СВЕТОТ

Соработката меѓу нашето училиште и универзитетската библиотека од нашиот град постојано се негува. Ние учениците често сме гости во нивните простории за разни настани и се трудиме да бидеме добри домаќини. До сега сме реализирале голем број заеднички активности, па така беше и овај пат. Учениците од осмо одделение беа поканети да учествуваат на работилница на тема: „Дали младите можат да го менуваат светот“

Наши домаќини, покрај вработените од библиотеката, беа и гостите од Шпанија чија презентација „Европските движења предводени од младите“ предизвика интерес кај нас. Презентерот, младо момче, со интересен изговор на англискиот јазик, помешан со акцентот од шпанскиот, започна со прашањето: „Што мислите, дали младите луѓе, како вас можат да го променат светот?“, на кое ние немавме одговор.

Се говореше за Феминизмот и за движењата подигнати поради глобалното затоплување и користењето на пластиката. Сликите што ги гледавме потсетија дека најголемиот загадувач и уништувач на природата сме ние луѓето и дека треба нешто да преземеме.

Од неговата презентација разбравме како и зошто започнало тоа движење, неговите бранови и најважното, неговите цели. Според неговите истражувања, секаде во светот жените имаат помали права, плати и сл. од мажите, па со тоа дојдовме и до главниот мотив на движењето дека Феминизмот е борба за еднаквост помеѓу мажите и жените.

Како претставници ги посочи Амика Џорџ, деветнаесетгодишна девојка од Британија која се борела на сиромашните девојки да им бидат обезбедени бесплатни козметички производи. Исто така, ни зборуваше за Малала Јусафзаи која со само дванаесет години станала активистка за правата на жените и девојчињата во Пакистан. Таа почнала анонимно да пишува за тогашната ситуација во Пакистан, во блог на „BBC“. Како интересен факт за неа ни кажа дека таа е најмладиот добитник на Нобеловата награда за мир. Потоа, се задржа на загадувањето со пластика и промената на климата. Загадувањето со пластика има штетни влијанија врз животните, односно од пластичниот отпад се формираат пластични острови од кои најголемиот се наоѓа во Пацификот.

Како еден од многуте активисти за загадувањето, Бојан Слат во 2013 година формира непрофитна организација, наречена „The Ocean Cleanup“. Исто така, создал машина која го собира пластичниот отпад од океаните.

Што се однесува до промената на климата тој ни кажа неколку битни фактори. Еден од поважните фактори е зголемувањето на морското ниво. Поради лошите временски услови предизвикани од актуелната промена на климата се вршат многу чести преселби.

Дојдовме до заклучок дека младите навистина можат да го променат светот и да создадат светла иднина, но само со упорност и заеднички труд. Како за примери треба да ги земеме овие млади активисти кои навистина успеаа да направат промена и да се изборат за тоа во што веруваат. Презентацијата навистина беше толку добро изработена што успеа да го постигне посакуваниот заклучок.




Ева Димовска и Елени Попоска од VIII-3 одд.

## УМЕТНИЧКОТО ПИШУВАЊЕ Е МАГИЈА

Литературната секција „Климентина“ е паметник на нашето училиште уште од неговите почетоци во далечната 1989 година.

Секцијата во своето долгогодишно опстојување, остана доследна на Климентовата традиција со моќта на словото да се допре вистината, да се отвори срцето за да се допре до туѓото, да се сонува со отворени очи, да се прашува и да се трага по одговори за сите мудрости во животот.

Младите литерати, предводени од предметниот наставник по Македонски јазик, силно веруваат во магијата на зборот, во неговата чудотворност да биде посилен и од мечот, да предупредува, да порачува и да го менува светот на подобро. Водени од неговата моќ, младите творци создаваа, создаваат и ќе создаваат и секако, ќе се закитуваат со награди на литературни конкурси и пофалби за реализирани активности како и досега.

Тие учествуваат на литературните конкурси: Републички фестивал „Детски лирски треперења“-Охрид („Сојуз за грижи и воспитување на децата на РМ“) (прва. втора и трета награда); „Фондација Никола Кљусев“-Скопје (наградена поетска творба од основните училишта во РМ); „Сојуз на борците“-Битола (прва и втора награда); „Битола без електричен и електронски отпад“ („Биосфера“)-прва награда за лична поетска творба (2015.г.).

Учеството во активностите: „Екоучилница“, „Екоградина Климентина“; „Екокодекс“ (екобиблиотека), НУУБ-Битола/2017г. - подготовка и промоција; Литературно-ораторска средба: „Чист воздух за сите“, (2018/НУУБ-Битола)-подготовка и организација. Драматизациите: „Најубавиот цвет“-визуелна драматизација (Централна манифестација: „Екоград“/2016 г. Ден на екологијата); „Новогодишни пакетчиња“; „Училиштето некогаш и сега“/НУУБ (Организација на жени-Битола); „Светски, а наши“ (Централна манифестација: „Ајде да патуваме, да не загадуваме“-Ден на екологијата); „Чист воздух за сите“; „Сашко и зеленчукот“; „Некогаш и сега“-Ден на старите лица („Сју Рајдер“/2019 г.); „Мал фестивал на драмата „Екожелби“/2019 „Битолски народен театар“-прва награда за драматизацијата „Екоспомени за промени“во изведба на шестоодделенците.

Магичниот цвет на литературата е бесценет. Многумина сакаат да го имаат, но тој е привилегија само на оние кои учат како да му посветуваат убави зборови, да го полеваат со нежни стихови и да ја потхрануваат неговата убавина, да се радуваат на секое негово лирско затреперување.






## ЗАЕДНО ГРАДИМЕ СВЕТ БЕЗ НАСИЛСТВО

Во трпезариската сала на нашето училиште во соработка со ОУ „Св. Кирил и Методиј“, во ноември беше реализиран проектот „Заедно градиме свет без насилство“.

На овој настан учениците преку монолози ги претставија емоциите што ги буди насилството од различен облик. Со секој монолог беше претставена психологијата на личноста вовлечена во насилството и психологијата на личноста која го трпи насилството како и начинот на кој може да се реши конфликтот и да се стави крај на тоа. Беше извлечена поука и порака која треба да ја носиме со себе.

Секој монолог беше поткрепен со танц кој имаше за цел уште помоќно да ги долови чувствата кои ги буди насилството. Прво беше претставено физичко насилство од име на жртва на насилство., неговите мисли, секојдневие и внатрешна борба. Претставен беше начинот на разрешување на насилството. Потоа преку боречки вештини и танц беше претставено физичкото насилство и оттргнување на истото.

Следно од името на насилникот се зборуваше за психичко насилство. Претставена беше неговата мотивираност за насилство, начинот на делување, внатрешната борба при обид да го вразумат лицето и крајот на насилството предизвикан од добрите дела. Потоа следуваше балетска група која ги прикажуваше чувствата на жртвата и помирувањето.

Во името на заедницата комшивката претстави како со агресија ги поттикна децата од маалото да извршат насилство врз материјалните предмети, но и патот на мирно решавање на проблемите преку заедништво.

Потоа преку моќен танцов музички перформанс беше претставено ова насилство врз материјалните предмети и пораките кои треба да ја разбудат свеста на поединецот.

Како последен тип на насилство беше претставено најмодерното, сајбер насилство, кое ќе го победат разговорот, трпението, довербата и другарството. Ова насилство беше поткрепено со рапери и балетска група.

Водителката преку пораки повика „Заедно да градиме свет без насилство“, а тој свет најмалите, нашата иднина го обоија со шарени балони, пораки и песна за сите нас.

Овој настан беше осмислен и координиран од наставничката Андриана Димитров, во соработка со наставниците: Жанета Ристевска, Сања Кузмановска, Весна Јанкулоска, Анкица Стевановска и Даниела Петковска.







# ТРЕТООДЕЛЕНЦИ ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОЕКТ „НАПРАВИ РОБОТ“

Како дел од Европската недела на кодирање во октомври, учениците од III-1 одделение заедно со наставничката Виолета Стевановска се вклучија во проектот WE CODE. Проектот беше поддржан од фондацијата „Метаморфозис“, со што се организираа три последователни настани што беа организирани од страна на Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, нашето училиште и Факултетот за информатички и комуникациски технологии од Битола.

Вториот настан се одржа под наслов „Направи робот“. Истиот беше доста интересен за учениците затоа што со помош на малечки еду роботи имаа можност да научат за начинот на програмирање како и за програмскиот јазик и неговата примена. Настанот го реализираа професорите од ФИКТ доц. д-р Никола Рендевски и вонреден проф. д-р Моника Марковска заедно со студенти и учениците од III-1 одделение. На настанот присуствуваше и Министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски како и претставниците од Фондацијата „Метаморфозис“.

Овој проект придонесе за поттикнување на љубопитноста кај учениците, развој на нивното креативно размислување и поттикна уште поголема љубов кон учењето.

Новата ера на компјутери налага нивно користење и во наставата и наставниот процес и оспособување на учениците за користење на компјутерската техника и совладување на ИКТ вештините од страна на учениците. Програмирањето и кодирањето уште од најраната возраст на учениците придонесува за развој на логичкото мислење како и развој на креативноста и иновативноста.









# ЦРТЕЖОТ НА ГАЛА ЈОВАНОВСКА ВО КАЛЕНДАРОТ НА ЕЛКОЛЕКТ

Под мотото „Рециклираме, твориме и штедиме со ЕЛКОЛЕКТ и Шпаркасе банка“ се одбележа 13 Октомври, Светскиот ден на рециклирање на е - отпад и октомври - Месец на штедење во Шпаркасе банка. Ученичката Гала Јовановска е една од наградените на овој конкурс. Нејзиниот цртеж беше избран во 13 најдобри цртежи, во конкуренција од 260 испратени од цела Македонија и истиот беше ставен на календарот на Елколект за 2019 година.

Веќе неколку години нашето училиште во соработка со ЕЛКОЛЕКТ се грижи за е - отпадот. Како резултат на тоа кај учениците се развива еколошката свест и за ваков вид на отпад.

Добиени награди:

2017/18 V- 3 Полнач за мобилен телефон

2018/19 III-2 Држачи за полнење на мобилен телефон, топка и фризби



2018/19 III-4 училишни ранци



# ПАТУВАЊЕ НИЗ СОНЧЕВИОТ СИСТЕМ

Учениците од VI одделение, членови на географската секција беа дел од петте битолски училишта што ја реализираа едукативната изложба насловена „Патување низ Сончевиот Систем“. Изложбата беше реализирана како заедничка активност со локалното географско друштво „Геосфера“ и Астрономското друштво од Битола.




На едукативната изложба присуствуваа голем број ученици, граѓани и медиуми, со што на интерактивен начин им ги приближивме знаењата за Сончевиот Систем на сите љубители на астрономијата. Изложбата беше интересна и несекојдневна и преку изработените плакати и постери од учениците беше изграден Сончев Систем во намален размер од над 23 милијарди пати. Сонцето беше претворено во тениско топче и аналогно беа наместени сите планети и небесни тела на Сончевиот Систем низ Широк Сокак. Вредните раце на нашите ученици изработија два постера за планетите Јупитер и Венера, а секој заинтересиран минувач добиваше детално објаснување за нивните карактеристики.

На наше огромно задоволство, изложбата предизвика невообичаено голем интерес кај граѓаните на Битола.



# ПОСЕТА НА БОТАНИЧКА ГРАДИНА И ПЛАНЕТАРИУМ ВО СКОПЈЕ

Учениците од VI, VII и VIII одделение, со своите наставници по Биологија, Физика, Хемија и Природни науки ја посетија Ботаничката градина при Природно - математичкиот факултет и Планетариумот во Скопје.

Ботаничката градина претставува единствен објект од ваков вид во градот Скопје и пошироко во Република Македонија. Со својата дејност и местоположба таа постепено прераснува во значајна институција од наставно - научен, едукативен, културен и рекреативен карактер. Ботаничката градина се наоѓа во состав на Ботаничкиот завод на Институтот за биологија при ПМФ во Скопје. Оваа градина стана простор којшто нашите ученици, вљубеници во природата и идни ботаничари, со голема почит, радост и задоволство го посетија. Учениците се запознаа со посебните видови растенија кои виреат во оваа градина. Добивме и подарок растенија за кои ќе се грижиме сите заедно .Во рамките на Ботаничкиот завод беа посетен и Институтот за хербаризирање на растенијата, Институтот за градбата на растителните организми и лабораторијата за морфологија на растенијата.

Во текот на денот учениците имаа можност да го посетат и единствениот Планетариум во нашата земја. Со посебен инструмент во планетариумот се добива изгледот на небото, што всушност е лажна слика во очите на посетителите за вселената. Учениците преку организираното предавање и користењето на визуелни ефекти имаа можност да се запознаат со основите на астрономијата, изгледот и движењето на небото и небесните тела,нивната природа, потекло, иднина...









# ТРЕТООДДЕЛЕНЦИ ВО ПОСЕТА НА ФАБРИКАТА „КРОМБЕРГ И ШУБЕРТ“

Учениците од трето одделение ја посетија германската фабрика за производство на кабли во автомобилската индустрија „Кромберг и Шуберт“.

За разгледување низ фабриката се погрижија претставници од компанијата кои подетално ги запознаа учениците со процесот на работа, бројот на вработени и работните места.

Учениците присуствуваа и на едукативна работилница со подготвени и посебно дизајнирани симулирани табли со ликови и форми соодветни за нивната возраст. Задачата на учениците беше да ги оформат и поврзат со жици што е слично со работата во фабриката. Децата уживаа во секој момент. За радоста да биде поголема на крајот од посетата секој ученик доби поклонче.








## ИМПРЕСИИ ОД ИЗЛОЖБАТА „ПОЛСКИТЕ ГРАЃАНИ ЗА ВРЕМЕ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА“

Учениците од IX одделение реализираа посета на изложбената поставка во Центарот за културата на тема: „Полските граѓани за време на Втората Светска војна“. Учениците ја искористија можноста да го дополнат своето знаење и да го утврдат веќе постоечкото. Изложбата содржеше фотографии, сцени и документи за периодот од 1939-1945 година во Полска. Со помош на оваа поставка, учениците го анализираа конкретниот период, ги систематизираа настаните и се стекнаа со визуелна перцепција на настаните од Втората Светска војна. На изложбата беа присутни наставниците по предметот Историја: Христина Андоновски и Александар Јаневски.

Посетата, покрај целта за дополнување на знаењата по Историја, исто така беше искористена и за продлабочување на соработката со локалните институции од нашиот град.









## ПРИРЕДБА ВО ДОМОТ ЗА СТАРИ ЛИЦА „СЈУ РАЈДЕР“

По повод Интернационалниот ден на стари лица, наши ученици го посетија Домот за стари лица „Сју Рајдер“-Битола. Во пријатна атмосфера, со драматизации, игра и песна и донации од Лајонс Клуб „Кабадаја“, Битола достојно го одбележа овој ден.

На манифестацијата учествуваа:ученици од VII одд. - членови на литературната секција заедно со ученикот од III-2 одд. Филип Петровски Насух кој имаше драматизација „Некогаш и сега”, под менторство на наставничката Соња Петровска. Ученици од VIII одд. членови на рецитаторска секција настапија со избор стихови од Кочо Рацин под менторство на наставничката Оливера Илиевска како и балетската група под раководство на наставничката Сања Кузмановска. Членови на Училишната заедница, под раководство на

наставничката Бојана Димовска - Гоновска ги забавуваа старите лица со песна од Каролина Гочева.







## ПРИЕМ НА ПРВАЧИЊАТА ВО ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Октомври е месец во кој традиционално се одбележува Детската недела со свечен прием на првачињата во Детската организација. По тој повод учениците од прво одделение ја проследија свечената приредба во која со песни и игри настапија ученици од повисоките одделенија. Следеше обраќањето од директорката на училиштето, а потоа учениците ја искажаа т.н. „Заклетва" во која успешно го дадоа Ветувањето како услов за прием во Детската организација.

Пристапувањето во организацијата е чин достоен за почит затоа што станува збор за организација која ги насочува децата кон почитување и помагање на другарчињата. Искрените пораки испратени од детските срца повикуваат на учење, другарување, соработка...





# УЧИЛИШНО ПАТУВАЊЕ

Нашите првачиња, сега веќе второчиња, во учебната 2018/19 г. за прв пат зачекорија по училишниот пат.

**П**рвачиња
мили
**Р**адости мали
**В**озбуда
голема
**А**х, училиште

Училишниот ѕвон ѕвона и најмалите ученичиња ги собра.
Започна училишно патување.
За Денот на училиштето со кореографиите на песните „Деспасит–минионс“ и „Сангриа Вајн“ достојно се претставија пред многубројната публика во Центарот за култура.
Во преполната сала, на сцената излегоа нашите првачиња и како ѕвездички блеснаа.
Родители, баби, дедовци, со растреперени срца и гордост голема ги наградија нашите првачиња со аплауз голем.





Понатаму научија колку е голема улогата на жената и мајката во животот, а учениците од I-2 и I-4 преку приредба по повод 8 Март тоа ни го покажаа.







Еден поинаков ден за дружење со математиката, нашите ученици доживеаа во градската библиотека. Таму истражуваа, го развиваа своето логичко мислење низ 15 игровни станици донесени од „Математикум“ од Германија.





По повод одбележувањето на „Денови на финансиската писменост“ учениците од I-5 одд. беа во посета на Комерцијална банка. Учениците се запознаа со домашната валута, детското штедење и сл.






Нашето прво патување заврши. Од утре отвораме нова врата што ќе ни го отвори патот кон посветла иднина и нови предизвици.

## ЕКОПРОЕКТ: ВАЛКАНО ИЛИ ЧИСТО, НЕ Е ИСТО!

Со почетокот на ова учебна година, во нашето училиште се реализира и еден еколошки проект *ВАЛКАНО ИЛИ ЧИСТО, НЕ Е ИСТО!* Истиот се реализира во соработка со родители и локалната бизнис заедница. Партнери на проектот се ДООЕЛ „БК МАРКЕТ“ – Битола и ДООЕЛ „ДУО ФУД“ Boulevard Bakery – Битола. Учениците од IV-5 напишаа еколошки пораки, а истите ќе бидат испечатени на хартиени кеси, кои се користат за амбалажа на бели пецива. Исто така, се реализира и ликовна работилница на истата тема за да се влијае врз еколошката свест кај учениците и правилното однесување и селекцијата на отпадот. Како завршна активност, следува настан кој ќе се одржи во просторот на Boulevard Bakery. Таму ќе бидат изложени екопораките на учениците, нивните цртежи и секако хартиените кеси на кои ќе стои по една порака од учениците од IV-5. Низ самата работа и реализација на активностите, се развиваат креативноста кај учениците, вештините за комуникација и тимската работа.



## ЦВЕТОВИ ОД ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА

Во пресрет на Денот на жената, се реализира еколошка работилница на учениците од III-5 и учениците од VI и VIII одд. ЈП „Комуналец“, во соработка со нашето училиште, ја стави на располагање својата просторија - Екоцентар Битола (позната како Куќичката на Дедо Мраз). Учениците изработуваа цветови од пластични шишиња. Истите беа наменети за битолчани кои сакаат да подарат цвет од реупотребен материјал. Децата беа среќни со својата активност, граѓаните пријатно изненадени и воодушевени од изработките. Благодарност до сите кои нè поддржаа.





## УМЕТНИЧКИ ПЕРФОРМАНС „ЅВЕЗДЕНАТА НОЌ НА СОНЧОГЛЕДИТЕ“

Талентираните ученици од VI и VIII одделение од нашето училиште, под менторство на одговорниот наставник, изработија репродукции на 15 уметнички слики од познатиот сликар Ван Гог. Во Центарот за културата беше поставена изложба од сликите кои ги изработуваа повеќе месеца, а воедно следеше и моден перформанс од учениците на ОУ „Св. Кирил и Методиј“ кои имаа изработено модели од рециклирачки материјали, инспирирани од делата на Ван Гог. Едукативната компонента на овој настан е идентификување на талентираните и надарените деца, нивно правилно насочување и понатамошно развивање на нивниот талент.

Овој настан се реализира меѓу двете основни училишта „Св. Климент Охридски“ и „Св. Кирил и Методиј“.



# ПУБЕРТЕТ - ПЕРИОД НА „ЛУДИ ГОДИНИ“

Пубертетот е период од животот на секое дете што обврзно мора да го помине и да го надрасте. Пубертетот не започнува кај сите деца од одделението истовремено, но секако дека процесот и крајот е ист за сите.

Во годините на таканаречената претпубертетска фаза, кога се појавуваат физички и емоционални промени и доживувања предизвикани од процесот на лачење на хормони во детскиот организам, со што се подготвуваат да израснат во возрасни личности, се провоцираат и претерано емотивни реакции, по што со право пубертетот се нарекува „бурен период од животот“.

Во развојниот период од десеттата до четиринаесеттата година, под влијание на хормоните, за секое дете е нормално да ги почувствува промени, како што се:

- интензивно и брзо растење, особено на екстремитетите, коските на рацете и нозете;

- под дејство на засилено активирање на жлездите, се појавува нов мирис на телото, многу често појава на акни на лицето и по телото;

- појава на таканаречените „секундарни полови промени“ што ги карактеризираат и издвојуваат момчињата и девојките.

Овие проблеми многу лесно се надминуваат со редовно одржување на личната хигиена, особено по спортување, што патем речено, во овој период од животот е многу корисно и неопходно од многу причини. Неопходно е и важно за правилен развој на физичкото тело и избегнување на телесните деформитети (сколиоза, кифоза и друго), за емоционално „ослободување“ што ќе помогне да се постигне енергетско празнење, ментална стабилност и ослободување на силната заробена енергија што се акумулира во телото.

Физичките промени, некако и полесно се надминуваат, меѓутоа емоционалните се покомплексни, социјално оптеретени со морални и социјални правила, па тие се причината што често ги нарекуваат и „луди години“.Сите промени во текот на емоционалното созревање, и покрај што се помалку непријатни, се нормални и природни.

Децата во претпубертетскиот и пубертетскиот период се хиперсензитивни, емотивни, пречувствителни, лесно се вознемируваат од најмала ситница, сѐ и сешто може да ги расплаче, со нагласен темперамент. Сензибилни се на „неправди“, па и најнезначајни ситуации им претставуваат неправда. Кај некои деца се забележува блага форма на депресивно расположение, не се задоволни од надворешниот изглед, од облеката, од материјалните можности на родителите. Најбитно од сѐ е што децата од најмала ситница се вознемируваат, па реагираат побурно од претходно, па така ги збунуваат сите околу нив, а особено родителите.

Најважно од сѐ е родителите да бидат што поприсутни во животот на своите деца и покрај фактот што истите не го посакуваат друштвото на повозрасни во оваа развојна фаза. Децата во овој период поддршката и довербата ја градат со своите врсници, вообичаено е дружењето со врсници од истиот пол, но сепак, родителите се тие кои треба да бидат сојузници во градењето на самодовербата, независноста, социјалните односи, со еден збор сојузници во градењето на сопствениот идентитет на идната возрасна личност.

Родителската грижа во периодот на интензивни промени е најзначајна, тие треба да изградат толерантен однос, да бидат трпеливи, постојано будни и да ги следат промените, да ги контролираат последиците од непредвидливите постапки и однесување и да водат разговори за најразлични теми што ќе градат заемна доверба и блискост. Поддршката, разбирањето и простувањето ќе ги избришат проблемите од типот „Ти не разбираш и не знаеш“...

На што секој родител треба да го научи своето дете:

- да ги сака другите, да научи да сочувствува со другите, а тоа најдобро може да го научи ако го има примерот во семејството;

- детето да биде задоволно, преку задоволството ќе ја чувствува радоста;

- да разликува добро од лошо, да научи што е добро, а што лошо, да го научи доброто;

- да размислува за секоја одлука што ќе ја донесе, да поставува прашања што ќе му помогнат да донесува мудри одлуки;
- да научи да биде смирено и трпеливо, тоа ќе му помага да прави правилни и добри избори;
- преку примерот на родителот да почне да го формира сопствениот поглед на односите и појавите во светот;
- да научи да простува, бидејќи тоа ќе го научи да биде среќно и да има добри односи со другите;
- да биде одговорно, со што ќе научи да постапува правилно во училиштето, комуникациите со другите луѓе, со материјалните средства, семејството, односно социјалниот живот, воопшто.

Во врска со сѐ почестата појава на таканаречениот ран пубертет (пред десеттата година) е направена студија што опфаќаше околу 4500 деца, со што се констатира дека истиот најчесто се појавува кај деца што пијат газирани пијалоци, јадат брза и нездрава генетски модифицирана храна.

Затоа посебно се препорачува, децата да внимаваат што јадат и пијат затоа што од тоа зависи севкупниот навремен и правилен ментален, психички и физички развој.

Кети Секуловска, училиштен психолог





# СВЕТОТ НИЗ ДЕТСКИТЕ ОЧИ

Има едно место кое е исполнето со најголемите богатства на светот. Во тоа место живеат: радост кон новиот ден, љубовта кон секого, убавините и возбудувањата. Тоа место се детските очи. Тоа место е посебен свет, колку волшебен толку реален. Со својата невидлива четка детето умее да ги исцрта шарените ноти и така да го наслика светот што го опкружува. Сето тоа да го направи низ забава и игра, зошто играта е составен дел на едно дете и заедно со смеата се суштината на детскиот живот, тие се механизмот што го врти детскиот свет напред, па детето созрева и расте.

Во овој свет не треба да има омраза, насилство, одмазда или разни предрасуди зошто детските очи го слушаат срцето, а тоа е толку чисто и исполнето со љубов и милост. Во детските глави треба да се вртат убави мисли, па зборовите што ќе излегуваат од детските души треба да бидат искрени, мили и наивни.

А кога ноќта ќе настапи и ѕвездите ќе танцуваат околу месечината детските очи се затвораат и длабоко во сон потонуваат. Сонувајќи ги новите желби, надежи за новиот ден, игри, доживувања, забавувања, патувања....

Ана Дамчевска VII-2 одд.





# ФИЗИЧКИ АКТИВНОСТИ ЗА НАШЕ ЗДРАВЈЕ

Покрај навиката да се јаде здрава храна богата со витамини и минерали, потребно е и секојдневно вежбање, спортување, а со тоа и развивање на спортски, фер, ведар и натпреварувачки дух кај учениците. Поведени од ова мото, преку забава, игра, спортување, расположени ученици, насмеани лица, дружење и наградување ги реализиравме и физичките активности со нашите ученици од IV-1 и IV-2 одделение, во нашето училишно игралиште. Целта на оваа активност беше добивање-позитивни ефекти врз физичкиот и психичкиот развој кај учениците, подигнување на свеста кај нив за секојдневно спортување, физички активности и здрави навики. Учениците покажаа дека кај нив владее толеранција, дека се подготвени да даваат сè од себе кога станува збор за некаков натпревар, дека знаат да се борат за добивање позитивни резултати во она што го реализираат, дека знаат да се радуваат на победа, но и да прифаќаат пораз.

Оваа активност остави голем впечаток во нивните срца, моменти за сеќавање, спомени од еден убаво поминат ден. Еден од многубројните реализирани часови со физички и спортски активности.

**Во здраво тело, здрав дух**







# СЕПТЕМВРИСКА ЕКСКУРЗИЈА ВО ТРНОВО

На почетокот од учебната година, учениците од шесто до деветто одделение, заедно со наставниците, отидоа на еднодневна екскурзија во селото Трново, во дворот на црквата „Св.Богородица“.

Денот кога небото сјаеше во тоа септемвриско утро, ние се подготвувавме за екскурзијата. Сите бевме возбудени за новиот училиштен почеток. Кога пристигнавме, сончевите зраци нѐ прегрнаа и започнавме да другаруваме. Сѐ беше прекрасно. Никој не размислуваше на нешто друго, освен на дружбата. Игравме најразлични игри: монопол, брканица, криенка. Потоа отидовме во црквата во која запаливме свеќи, по традиција.

На дрвените маси седеа наставниците, се дружеа и нѐ следеа нас. На зелената трева се рефлектираа сончевите зраци. Децата скокаа и играа низ целиот двор на црквата. Брзо дојде пладне и пристигнаа автобусите. Се вративме во училиштето  назад со своите тешки ранци.

Бисера Петкова VI-5 одд.











# СО РЕДОВНА ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ ДО ЗДРАВ ЖИВОТ И ВРВНИ СПОРТСКИ РЕЗУЛТАТИ

Една од најважните компоненти во целокупниот развој на детето од самото негово раѓање е здравјето и правилниот психофизички и телесен развој.

Обемната наставна програма во основното образование и специфичноста со која таа се карактеризира, сѐ повеќе ги принудува учениците од оваа возрасна категорија на хипокинезија, а современиот нагласен урбан начин на живеење и учење, во голема мера негативно влијае врз здравјето и многу димензии во развојот на младите генерации.

Ова го поддржува и фактот дека повеќе од 90% од целокупниот наставно образовен процес се одвива во седечка положба на учениците, предизвикувајќи енормно големи статички напрегања на големите мускулни групи кои ја отежнуваат циркулацијата на крвта. Тоа доведува до големи здравствени тегоби со тешки последици за здравјето и телесниот развој на учениците. Затоа физичкото и здравствено образование е многу важен интегрален дел од воспитно образовниот процес во основните образовни институции, многу поголем од оној што во моментов го има.

Редовното и активно вежбање на часовите по Физичко и здравствено образование е голема добивка и можност позитивно, правовремено и максимално превентивно и компензаторски да се влијае во однос на акумулацијата на специфичниот замор во текот на една седмица.

Покрај другото, низ активностите на училишниот спорт, организираните меѓуодделенски натпревари и учествата на општинските, зонските, регионалните и државните натпреварувања, се овозможува спортско усовршување на талентираните ученици.

Фактот дека нашето училиште е шести, последователен севкупен победник во спортските натпревари во општината и меѓу најдобрите во државата, докажува дека талентираните ученици ги имаме во голем број. Со нивното залагање за време на часовите, додатната настава и спортските секции, под менторство  на наставниците по Физичко и здравствено образование кои максимално несебично се посветени во работата со своите ученици, се освоени голем број пехари, медали, дипломи и признанија. (Во почетните страници се наоѓа список од ученици и нивните позначајни успеси во учебната 2018/2019 година).












